# ЗАПИСНИК
## од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 16.11.2023 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.11.2023 година.
2. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3), за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4), за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ од Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
7. Предлог - одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.11.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип. Објасни дека сите податоци се наведени во Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор каде што е констатирано дека радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста. Од таа причина се предлага да се запре започнатата постапка за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година, продолжена со Одлука, Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година.

Согласно Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4176/1 од 10.11.2023 година, е наведено дека на 19 октомври 2023 година, ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип емитувал еден/единствен програмски сервис како целина од програми и други елементи на една единствена аудио медиумска услуга наменета за прием од страна на јавноста преку сите три анализирани фреквенции што ги користи за покривање на подрачјето за кое му е доделена дозволата, како и дека ги отстранил законски предвидените пречки за вршење на дејноста, односно во целост постапил по Известување арх.бр.08-331 од 09.10.2023 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 3 и 4 да се образложат со еден вовед и дискусија а гласањето да биде поединечно за секоја од нив.

Советот го прифати предлогот.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3), за прекршување на член 14 од Законот за медиуми и на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4), за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањата беа констатирани со редовниот надзор реализиран во октомври оваа година. Во врска со прекршувањето на МРТ3 објасни дека е прекршена обврската за објавување импресум на што медиумот испрати известување. Во дописот сервисот тврди дека при емитување на меѓународни спортски преноси во телевизиска продукција на МРТ, кога МРТ е домаќин радиодифузер од кој што потоа меѓународниот сигнал се дистрибуира сателитски и го преземаат странски канали како што се кошаркарските натпревари од

ФИБА Европа купот, велат дека во стандардизираните или „running orders" односно задолжителни листи во вид на синопсис со официјален редослед не било дозволено да се емитуваат одјавни шпици. Велат дека истата ситуација е и за емитување при меѓународни спортски преноси од странска ТВ продукција за што примери се преносот од фудбалската УЕФА Лига на шампиони, каде што во договорите за обезбедување на телевизиските права не била дозволена употреба на сопствени графички елементи надвор од официјалниот пакет. При тоа тврдат дека во сè друго, во сите преноси кои што биле за домашни спортски настани каде што МРТ ја прави продукцијата, а кои сателитски не се дистрибуираат на странски ТВ станици, законската обврска била почитувана. Денот кога е правен надзорот имаше безброј натпревари од сите спортови, по неколку репризи од некои, имаше натпревари и од овие две категории во кои што тврдат дека не смеат да емитуваат одјавни шпици, меѓутоа за овие натпревари и од ФИБА Европа купот и од УЕФА Лига на шампиони, во тие натпревари немаше информации дури ни кои се коментатори на натпреварите, ниту пак не беше усно соопштено. Наведе дека за овие делови уште еднаш ќе треба да се направат разговори со МРТ и да се побараат договорите, да се презентираат тие делови од договорите за да се види што точно е забрането да се емитува, меѓутоа и да е забрането графички да се објави веројатно нема забрана во коментаторскиот дел водителот да се претстави кој е и да ја каже реализаторската екипа. Исто е констатирано дека сервисот нема ни информација кој натпревар е, дали е реприза, што значи дека со МРТ ќе треба да се поразговара од повеќе аспекти. Во секој случај анализираниот ден се емитувани и натпревари од домашни спортски настани во продукција на МРТ каде не се аплицирани податоците за импресум, како на пример, натпреварот на македонска фудбалска лига Шкупи со Струга Трим Лъум со реприза, и натпревар на македонска фудбалска лига на ФК Македонија – Ѓорче Петров со ФК Брера од Струмица. Тоа значи дека секако има прекршок на член 14 од ЗМ, односно онаму каде што велат дека за вакви натпревари аплицираат импресум, не се аплицирани. Меѓутоа за во иднина ќе треба да се провери дали е вистина ова околу меѓународните натпревари, ако не може графички ќе мора барем усно публиката да добие информации за коментаторот, за натпреварот од кој датум е, бидејќи сега нема такви информации. Исто така констатирано е дека натпревар од УЕФА Лига на шампиони во анализираниот ден, одат во студио во живо односно програмата започнува во студио во живо. Потоа оди натпреварот и пак завршува со студио во живо. Во овие емисии на телоп беа запишани кој е водителот и кој е гостинот во студиото и водителот пред да почне натпреварот најави кои ќе бидат коментатори. Меѓутоа кога заврши студиото, на крај немаше никаква информација за другата екипа, кој бил уредникот, кој бил во режија, кој бил техничко водство, освен што за тој конкретен натпревар стоеше „продукција МРТ1". Овие натпревари се емитуваат на сите три канали паралелно со тоа што во студиото во живо на МРТ2 на албански јазик оди со други гости. Наведе дека прекршок има и оттаму се предлага да се изрече мерка јавна опомена на МРТ3 со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се направи контролен надзор а Секторот во меѓувреме ќе оствари разговори со уредникот на МРТ3 и ќе се побара да достави податоци од договорите за овие забрани кои известуваат во изјаснувањето.

Во врска со прекршувањето на член 92 став 1 од ЗААВМУ од страна на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4), раководителката Јаневска објасни дека сервисот не емитувал најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни

дела, како што е пропишано за јавниот сервис. Анализираниот ден се емитувани 20,98% и од таа причина се предлага за МРТ4 да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се направи контролен надзор. Објасни дека МРТ4 се изјасни со образложение во кое велат дека тој ден имале технички проблем и затоа се случило прекршувањето но дека веќе постапиле по предлог мерката.

Г-дин Петрушевски рече јасно е дека треба да се изрече мерката јавна опомена и се согласи дека е добро да се разговара со МРТ за да се одбегне ваква следна ситуација и да се расчистат недоразбирањата. Исто така ќе ја подржи и мерката за МРТ4 каде во изјаснувањето велат дека имале проблем со компјутерите и ја признаваат грешката, притоа одма реагирале и ја поправиле.

Г-дин Ајдини рече дека во изјаснувањето на МРТ3 не се бара ниту извинување ниту дека згрешиле, знаат дека згрешиле но не можат тоа да го поправат. За разлика од изјаснувањето на МРТ4 каде што тврдат дека е од технички причини и грешка во пресметувањето, ја признаваат грешката и реагирале потоа. МРТ3 бара Агенцијата да биде пофлексибилна и праша дали Агенцијата има таква можност? Знае дека следната недела повторно ќе има спортски натпревари и ако продолжат вака повторно ќе го направат прекршокот што ќе доведе до изрекување на прекршочна мерка. Во врска со импресум праша дали постои можност коментаторот кога почнува натпреварот тонски да ги каже потребните податоци и на крајот од натпреварот исто така?

Раководителката Јаневска рече дека прво треба да се проверат Договорите кои што ги спомнува МРТ3, кои се ограничувањата, меѓутоа и да има ограничувања не верува дека има ограничувања за студиските делови. И да има ограничувања додека трае натпреварот, студискиот дел е само на МРТ продукција. Смета дека тука може и мора да се објават податоците за импресум. Меѓутоа ако има ограничувања во другите натпревари, нема пречка додека тој го коментира натпреварот да го каже името на коментаторот и екипата која што го реализира натпреварот, може публиката да добие минимални информации ако нема можност графички да биде објавено.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе се вклучи во дискусијата за МРТ3 и дека е можно да помогне со неговото искажување. Ќе даде поддршка за да се изрече мерката јавна опомена на МРТ3, но сака да сподели одредени информации што ги има како предзнаење, а кои ќе и помогнат на Службата во понатамошниот тек од оваа тема. Се согласува дека треба да се видат одговорните од МРТ3. Она што знае е дека МРТ ги има правата за еден натпревар во Лигата на шампиони и тоа дерби натпреварот од секое коло кое што се емитува во среда и тој натпревар оди на МРТ1, МРТ2 и МРТ3 паралелно, со гости во студио како што беше објаснето. Тој натпревар не се емитува во среда на програмите на спортските канали што ги реемитуваат операторите во Македонија кои што ги имаат ексклузивните права за Лига на шампиони, а тоа е АРЕНА Спорт, само стои со телоп дека се емитува на МРТ. Каков е типот на договорот не знае, но рече дека гледал дерби натпревари од тој тип и на други условно речено регионални телевизии кои што ги имаат правата за своите земји. Забележал дека порано почнува преносот, дека исто така има разговор во студио, па се префрлаат директно на теренот каде што почнува загревање, влегуваат екипите и слично. Не знае во кој момент МРТ се вклучува во сигналот за ТВ пренос, можеби и тоа треба да го објаснат на состанокот, треба да се знае, затоа што во претходниот дел има некаква најава кој тоа ќе го води. Гледајќи ги другите сервиси кои што го емитуваат тој пренос или го реемитуваат, вербално најавуваат кои се коментаторите така што можеби можат тоа да го направи и

МРТ, да кажат кои се коментатори на тој конкретен натпревар. Претпоставува дека има можност исто како што има можност на крајот од студискиот дел да се каже кој ја реализирал таа студиска програма. Што се однесува до македонската лига она што го знае е дека тие имаат соработка и копродукција со АРЕНА Спорт која што исто така има права за пренос на македонската фудбалска лига и забележал дека и други преноси се пренесуваат на АРЕНА Спорт. Претпоставува дека тој пакет, тој договор со АРЕНА Спорт им е заеднички врзан и со преносите од македонска фудбалска лига и со Лига на шампиони и има веројатно детали кои што ќе треба МРТ да ги објасни за да се констатира што смее, што не смее. Се изјасни дека ќе даде поддршка да се изрече мерката и апелираше Службата да оствари средба со одговорните лица во јавниот сервис, не само со МРТ3, туку и со МРТ1 затоа што тие го емитуваат истиот натпревар, и МРТ2 за да нема нејаснотии во иднина.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3880/1 од 26.10.2023 година и едногласно заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Трет програмски сервис (МРТ3) да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 4 октомври 2023 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3910/1 од 27.10.2023 година и едногласно заклучи на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија – Четврти програмски сервис (МРТ4), да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 5 октомври 2023 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од

07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршокот е констатиран со редовен надзор реализиран во септември оваа година. Радиодифузерот во анализираниот ден не емитуваше најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 06 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното денонокие, како што доброволно пријавил претходната година за 2024-та година. Оттаму се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена, а потоа да се направи контролен надзор. Доколку радиодифузерот не постапи по изречената мерка ќе треба да го доплати износот за кој што на почетокот од годината му е намален надоместокот за дозвола.

Г-дин Фиданоски рече дека од Извештајот се гледа дека за 24 часа има емитувано 12,51% музика на македонски јазик, меѓутоа во периодот од 06 до 00 часот не го исполнува условот од 10%.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3647/1 од 04.10.2023 година и едногласно заклучи на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, затоа што на 4 септември 2023 година, не емитуваше најмалку 10% музика на македонски јазик во периодот од 6 до 00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното денонокие.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ од Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека на 26 октомври направен е редовен надзор на вкупно 22 печатени медиуми за да се утврди дали објавиле импресум согласно член 14 став 1 од Законот за медиуми. Констатирано е дека три издавачи на печатен медиум не ја исполниле обврската во целост. Еден од нив е издавачот на дневниот весник „Нова Македонија" кој што наместо во импресум да го објави точниот број на печатени примероци објавиле „тираж до 3500 примероци". Побарано е од нив да се изјаснат за констатираниот прекршок и известија дека на таков начин сметале дека не го прекршуваат Законот, но веднаш штом го добиле Писмениот извештај од надзор од Агенцијата веќе се коригирале и го објавуваат бројот на дневно испечатени примероци. Оттука предлогот е да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-3865/1 од 26.10.2023 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија" да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што во изданието бр.25952 од 20.10.2023 година не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите со член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство (татко), на работник во Агенцијата, во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4225/8

23.11 **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Agjencia për shërbime mediale audio dhe audiovizuele, СКОПЈЕ / SHKUP